## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Сто триесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 мај 2006 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љупчо Јордановски:** Продолжуваме со работа по 134-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Лилјана Ивановска,Ангелка Пеева - Лауренчиќ, Благој Голомеов, Али Ахмети, Фазли Велиу, Семијал Хасани, Мендух Тачи, Замир Дика, Ванчо Ѓорѓиев, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Ганка Самоиловска-Цветанова и Сашко Кедев, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани, Љубчо Георгиевски и Чедомир Краљевски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на закон за судовите.**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор?

Госпоѓо Лалчевска имате збор, повелете.

**Ристана Лалчевска:** Благодарам претседателе,

Јас морам да искажам жалење што вчера во текот на амандманската расправа многу малку се прифати од амандманите кои беа поднесени и кои навистина ќе го подобреа текстот на законот, иако имаше договарање и наводно имаше добра волја, меѓутоа после се покажа дека нема добра волја кај предлагачот да се прифатат некои амандмани, кои ќе беа исклучиво во насока на подобрување на законот, а со тоа и на подобри можности законски за подобра реформа во судството.

Но, како и да е овој предлог на закон кој го разгледуваме денес е нешто концепциски по различен и така е поставен текстот на законот, што значи концепциската поставеност на законот за судови е по различно поставен од она што ни беше дадено како предлог во првата фаза, а таа разлика е суштинска. Суштинската разлика е во тоа што во првата фаза беше даден предлог за виши судови, значи за основање на виши судови, а во втората фаза таквиот концепт се смени, одпаднаа вишите судови, и се пристапи кон редефинирање и реорганизирање на основните судови.

Концептот што е даден овде за функционирање на основните судови и притоа нивна поделба, би рекла, на основни судови со основна надлежност и основни судови со проширена надлежност е новина, која воопшто не беше ниту дебатирана, ниту разговарана во процесот на донесување и на дебата на Предлог законот за судови, а таквата новина концепциски поинаку го поставува целиот закон.

Нешто со што јас не се согласувам, тоа е токму таа новина во овој закон. Бидејќи, со таквата поставеност ние ќе дадеме законска основа за во иднина да се развијат два типа на основни судови кои ќе бидат едни од други различни, иако условите за избор на судии и начинот на работа ќе биде ист, но со оглед на вистинската надлежност која што е пропишана сега во овој закон на судовите со основна надлежност и судовите со проширена надлежност, ќе продуцира судови од повисок ранг и понизок ранг, а двата ќе бидат основни судови.

Имаше поднесено бројни амандмани за поправање на тој дел, затоа што е предвидено основните судови со основна надлежност да судат кривични дела за кои е предвидена казна најмногу до пет години, а тоа е мала казна, што значи им се намалува стварната надлежност на тие судови, а се што е над пет години поминува во вишите судови. Тоа е исто и по однос на имотните спорови, беше даден предлог за вредност до 10 илјади евра и мислам дека се прифати еден амандман за 15 илјади евра вредност на имотните спорови, а се што е над таа вредност на имотните спорови ќе оди на судови со проширена надлежност.

Што ваквиот концепт ќе продуцира? Ќе продуцира побавна постапка, ќе продуцира поскапа постапка, нешто што ние кога пристапивме кон реформите не го сакавме. Ние сакавме да постигнеме поефикасно судство, значи побрзо да постапуваат судовите и судството да биде деполитизирано. Меѓутоа, по однос на ефикасноста, иако ќе ги тргнеме прекршоците кои беа најголемиот баланс на судовите, со ваквата поставеност ние на граѓаните на некој начин ќе им го отежниме нивното остварување на правата во судот. Зошто? Затоа што ако вие имате имотен спор во вредност од над 15 илјади евра, а тоа не е некоја значајна сума на пари, значи еден автомобил можеби чини толку или да речеме ако се спорите за две парцели од поголем имот околу меѓата на имотот или незнам што, тогаш вие ќе бидете упатени на судот со проширена надлежност. Оние граѓани кои живеат во подрачја на основни судови со основна надлежност ќе имаат подолга постапка, бидејќи најверојатно, тоа е моја претпоставка, а веројатно и така ќе биде, ќе ги поднесуваат своите тужбени барања до нивниот суд во местото на живеење, потоа тој ќе ги препраќа до судот со проширена надлежност, бидејќи тие нема да знаат претходно каква ќе биде предноста и да ја определи судот, има право да си определува колкава е вредноста на спорот. Ќе ги препраќаат во судот со проширена надлежност, а тоа ќе значи повеќе време и повеќе пари за странката. Нешто што кај имотните спорови е многу симптоматично тоа е што во најголем број имотни спорови има потреба од излегување на лице место. Ако судот заедно со се она што го следи судот записничар

и тн., адвокати, тужители, треба да излезе на лице место и целата таа екипа од еден треба да оди во друг град или во друго населено место оддалечено 20, 30, можеби и 40 километри од местото каде што се наоѓа судот, сето тоа ќе предизвика поскапа и понеефикасна постапка. Значи, ќе удри по џебот на странките и ќе удри по нивното, кое сепак во превод времето секогаш се мери низ парите.

Од овие причини што ги наведов по однос отежнувањето на делењето на правда на ваква поставеност по однос на странките и по однос на фабрикување на судии кои под исти услови ќе бидат назначувани за судии во основни судови со основна надлежност (видете и терминолошки дури тешко се изговараат) и основни судови со проширена надлежност, ќе се појават судии од повисок и од понизок ранг, а под исти услови биле бирани. Мислам дека тоа не е коректно, затоа што не постои разлика во условите за избор на судиите. Значи, овие што ќе судат за помала вредност и овие што ќе судат за позначајни или потешки, да речам, кривични или имотни спорови. Таквата состојба ќе фабрикува рангирање на судии од прв и од втор ред.

Мислам дека тој концепт не ни беше потребен, не требаше да се одлучи предлагачот за одење јво оваа насока. Јас лично се противам на таквиот концепт, меѓутоа и покрај разговорите и преговорите предлагачот остана на својот став. Јас лично, ниту пак либералната партија сака да биде кочничар на она што се вика судска реформа. Вие ја водите реформата, ние ви ја даваме поддршката, меѓутоа ќе ги сносите и последиците доколку се покаже дека таквиот концепт е погрешно избран.

Тоа е една од основните причини за кои бев дури во дилема дали да ја дадам поддршката, меѓутоа, не сакајќи да бидат кочница на таа реформа, а несакајќи ни моите колеги од Либералната партија, ние ќе ја дадеме вашата поддршка.

И, уште една работа би сакала да ја потенцирам, што ценам дека требаше да се направат напори и да се подобри овој текст, а со тоа и целата реформа. Тоа е по оној амандман кој беше поднесен од страна на опозоцијата, тоа е за законска можност за разрешување по извесен период од кога ќе стапи законот ви сила за разрешување на сите претседатели на судови. Јас уште на почетокот на реформата, на пристапување кон реформата на судството, Либералната партија истапи со став дека е потребно да се разрешат одредени луѓе што биле на функции кои придонеле состојбата во судството да биде таква каква што е. Секогаш портенцирав дека системот сам од себе не се расипува, системот го расипуваат луѓето кои се во системот. И, сега ако вие не преземете никакво дејствие да ги ставите на повторен реизбор сите оние кои го водат судството и кои се на високи функции и кои го организираат судството и кои веројатноста да придонеле за ваквите состојби во судството е голема дека токму се тие луѓе виновни и да не бидат на некој начин ставени квалитетните луѓе во сенка на ваквите, требаше да се пристапи кон реизбор на сите претседатели на судови. Со тоа ќе се овозможеше оние што се огрешиле и грешно работеле да бидат реизбрани односно не избрани, а оние што навистина биле добри и квалитетни, сега да си добијат доверба токму од судската фела. Затоа што, сега судскиот совет доминантно ќе биде составен од судската фела, а тие најдобро ќе знаат да ценат дали некој од сегашните, од постојните претседатели на судови работел добро или не работел добро. Тие најдобро си ги познаваат состојбите во судството. Мислам дека требаше таков присап да имаме, затоа што ние не можеме само со легислативна рамка да овозможиме квалитетни реформи. Ако сите останат да си работат онака како што си работеле до сега и најдобрите закони нема да ни овозможат ни минимум реформа во судството.

Не е доцна за ова што постојано го зборува либералната партија да се размисли, бидејќи овој закон има одложена примена, има време да размислат сите надлежни и да пристапат кон една ваква реформа. Згора на тоа сите ќе стартуваат од исто време со нова легислатива, со значителни промени на организацијата и на поставеноста на судството и мислам дека процесот на реформи многу подобро и побрзо ќе оди ако така постапиме. А, вака, повторно ќе се појават слабости, затоа што одредени луѓе што и до сега си работеле така, ќе си продолжат по стариот нажин, без разлика на правната рамка која ние ја донесуваме. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Караџовски, повелете имате збор да го кажете вашиот став.

**Жарко Караџоски:** Благодарам претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги,

ќе зборувам од името на пратеничката група на ВМРО - Народна партија и ќе се држам до оној договор што го направивме како пратенички групи, значи по еден човек од пратеничка група за да го искажеме ставот по однос на предлогот на Законот за судовите.

ВМРО - Народна партија од почетокот, уште од моментот кога се доставија уставните амандмани, а и пред тоа, кога се најави дека е потребно во Република Македонија да се направи реформа во судството, застана во поддршка на се она што потоа следеше, почнувајши од уставните амандмани и денес продолжувајќи со овие да ги речам системски закони во делот на судството, почнувајќи со Законот за судови, па понатаму и со останатите. Значи, ние застанавме во поддршка на се, со една единствена цел да дојдеме до некакво реформирано судство кое што треба да ги даде сите оние толку критикувани работи и очекувани резултати.

Ако толку години наназад сите овие 15 години, кога дискутиравме од оваа говорница и кога зборувавме скоро секој трет збор ни беше дека Република Македонија треба да има

реформирано судство, дека треба да има независно судство, дека треба да има ефикасно судство и тоа го повторувавме 15 години. Сега, сме во една таква фаза што преку отпочнувањето на овие закони кои што треба да ја оперализираат онаа работа што ја донесовме со уставните амандмани, денес се наоѓаме токму на тој чекор од каде што т реба да видиме дали со овие законски измени односно со овие законски текстови ќе дојдеме до она што ни е основна цел.

Веднаш на почетокот ќе кажам дека и кога беше првата фаза гласавме, го поддржавме тој закон и сега во оваа втора фаза како предлог на закон, пратеничката група на ВРМО Народна партија е подготвена истиот тој да го поддржи. Тоа не значи дека, почитувани колеги, ние како пратеничка група сме апсолутно сложни односно задоволни од она што ни е понудено како решение. И, не мора да значи дека мора да бидеме сите задоволни, не мора да значи дека, не постои ни пак такво решение каде што сите едногласно ќе кажеме дека ова е идеално и одлично решение, но мора да постојат разлики меѓу сите нас, па во секој случај според нас треба да се даде можност да имаме барем некаков закон од каде што ќе почнеме, а времето ќе го покаже и своето и со тек на време сигурен сум дека и овој закон, како и другите што следат, ќе трпат одредени измени кои што ќе ги наметне самата пракса.

Почитувани колеги, ние денес расправаме по текстот на законот за Предлогот на судовите и заслужува внимание да се зборува по текстот, затоа што овој текст кој што сега ни се нуди има суштинска разлика од првата варијанта. Значи, има една да не речам огромна, но има суштинска разлика која што се разликува од она што беше прва варијанта во првата фаза. Мора да признам дека меѓу време од првата до втората фаза немавме некакви којзнае какви јавни дебати, јавни расправи, затоа што на некој начин беше и кратко времето и не се случи онаа јавна дебата која ја очекувавме од експерти, за да добиеме некакви порелевантни мислења. Дури ипак да имаше и тие што ги имаше како елаборација, како расправи, се движеа во насока на она што беше понудено во самата прва фаза. Добро, сега, тука има мислење и од судовите, да речам, од Врховниот суд како еден од најголемите судови, кој што можеби токму тоа мислење на Врховниот суд придонесе да се дојде до едно акво решение кое што сега се нуди, иако мора да се сложиме дека ова решение кое што сега се нуди значајно се разликува од првата фаза. Да потсетам во првата фаза структурата на судството се базираше на шема основни судови, виши судови, апелациони судови и Врховен суд на Република Македонија, како и Управниот суд, кој што е сега новина. Втората фаза го задржа стариот концепт и повторно имаме иста хиерархија на судови, само со тоа што се додаде Управниот суд. Дали ваквото решение е добро, ќе покаже времето. Јас разбирам дека моделот каде што разликата во сето она што сега го имаме, значи во сегашната структура на судството е тоа што на некој начин се воведуваат одредени одделенија на самите судови или таканаречено во самиот закон судови со општа надлежност, судови со специјализирана надлежност, како и судови со надлежност да можат да судат за дела со организиран криминал, што според нас како пратеничка група не е идеалното решение. За нас би било поприфатливо, а ние тоа и во првата фаза во расправата, па и кај уставните амандмани дискутиравме дека е можеби подобро решение да се формираат специјализирани судови. Значи, сосема посебна категорија на суд издвоен од рамките на основната категорија на судови, со тоа што од самиот старт тој суд ќе беше обележан со некоја своја специјалност, како што во почетокот или во некое претходно време имавме одредени такви специјализирани судови. Убеден сум дека таквите судови ќе донесеа попозитивни резултати.

Јас не мислам дека и предлагачот, за предлагачот таквото наше мислење не било прифатливо, но верувам дека причината поради која што се предвиде ова решение, со одделенија во рамките на основните судови е можеби финансиската состојба и најверојтно е финансиската состојба, која што е таква каква што е, за да не предизвикува некои дополнителни трошоци. И, најверојатно тоа е причината што предлагачот одстапи од концептот виши судови и тоа сега го препушти на одделенијата во рамките н а основните судови.

Значи, од една страна мора да правиме реформа, а од друга страна мора да го штитиме и буџетот, за да не предизвикаме поголеми расходи од страна на таа дејност.

Имаше доста дискусии, имаше доста и амандман. Во делот на членовите, а можеби најмногу во членот 31, 32, членот 30, каде што станува збор за стварната надлежност, поточно кои судови и што треба да судат, кои судови ќе бидат во делот на основната надлежност кои ќе бидат во делот на проширена надлежност, така што тука можеби најмногу се кршеа копјата околу овој закон.

Навистина имаше во самиот дел на законот одредени чудни решенија според мене, особено кога станувaше збор за Основниот суд во Прилеп. Јас мора да се заблагодарам и на колегите пратеници, кои што застанаа зад нашиот амандман, но и на Владата која имаше слух и го прифати тоа како решение, затоа што навистина не би сакал да елаборирам многу. Мислам дека правилно решение Основниот суд во Прилеп да го заслужи ова сега што го има, а тоа е да има специјализирана надлежност во рамките на Основниот суд.

Исто така, со извесни промени во рамките на надлежноста за организираниот криминал, кој што амандмани и Владата ги поднесе, а сепак со некаква консултација на пратеничките групи, мислам дека на некој начин се подобри тој дел на текстот.

Јасно е дека не може се да се прифати, тоа е факт. Можеби исто така клучен проблем беше и вредноста на спорот кој што треба да ја разграничи онаа линија за надлежностите на судови со основна надлежност и надлежноста на судовите со проширена надлежност. Дали вредноста за граѓанските предмети од 10.000 евра е во ред, дали е мала или е голема. Тука се прифати амандманот на колегата Јанеќе Витановски, тоа да е околу 15.000 евра. Ние имавме одредени предлози можеби кои одеа до 30.000 евра. Имаше предлог апсолутно да се избрише таа вредност. Тоа навистина е дискутабилно прашање. Ако ги слушаме и самите експерти и оние кои што работат во судовите, навистина има различни мислења, но факт е дека најголем дел од мислењата се такви кои што се во насока оваа вредност да биде или поголема, или требаше да се брише. Од проста причина што ќе се наметне еден проблем. Ако сега се гледа организацијата на судовите со основна надлежност и судовите со специјализирана надлежност, за пример ќе го земам Основниот суд во Кичево, кој што сега ја губи досегашната надлежност, а суд кој што ќе суди за дела со проширена надлежност ќе биде Гостивар, наместо до сега Кичево и за едни обични предмети, да речеме за ставање на меѓа, граница на нива и така натаму кои што ќе ја надминат вредноста од 15.000 евра ќе мора да ги суди Основниот суд во Гостивар. Тука ќе има и објективни причини и пречки. Да речеме тужбата ќе биде поднесена во Основниот суд во Кичево, па тој ќе се огласува за ненадлежен, па ќе се префрла во Гостивар. Со тој почеток, со таков старт, ќе стартуваме се додека не се воспостави некаков ред. Но, од друга страна можеби ова решение има и своја позитивна страна ако ја погледнеме содржината на сите и бројот колку ги имаме, ќе видиме дека има еден огромен број на имотно-правни спорови, кои што во одредени ситуации можеби не би се повеле. Некои се толку ситни и безначајни, а бројот е огромен, кои што вака или онака го оптоваруваше Основниот суд затоа што по нив мораше да постапи. Таа беше онаа надлежност кој што секој основен суд ја имаше. Јас мислам дека сега граѓаните малку ќе се замислат дали треба да покренат постапка за нешто што можеби не заслужува да биде расправано на суд, заради економските трошоци кои што ќе произлезат, заради ваквата надлежност и така натаму.

Значи, тоа е една позитивна страна на овој закон за ваквата надлежност, што целта ни е да ги растовариме судовите да нема голем број предмети кој што стојат во основните судови.

Се отвори проблемот во рамките на ова што се нарекува реформа. Со ваквата организација, со ваквата шема на разграничување на кривичните дела на судовите со проширена надлежност и на оние другите со основна надлежност и разграничување на Основниот суд Скопје 1 и Скопје 2, едниот да биде кривичен а другиот граѓански, дали на тој начин ќе се придонесе да имаме поголема ефикасност.

Јас не сум многу убеден дека ова ќе придонесе за поголема ефикасност. Не сум многу убеден затоа што не ја гледам разликата дали еден суд ќе биде само за кривична постапка, а другиот само за граѓанска, затоа што и досега тие судови беа оптоварени. Сега со таа разлика што едниот на другиот ќе ја префрла својата надлежност.

Мислам дека во таа насока можеби можеше да се размислува да остане онаа прва варијанта на виши судови, можеби не така како што беше предложено, но имаше една повисока инстанца која што ќе ги земеше одредени кривични дела, одредени граѓански спорови во рамките на еден повисок суд во одредени региони. Беше доволен еден или два на ниво на Македонија, за да не ги правиме на овој начин во рамките на основните судови, во рамките на тие одделенија.

Мислам дека главниот проблем не беше во рамките на апелационите судови, за да мора истите тие да се прошират, односно да има уште еден апелационен суд во Гостивар. Според мене, и според нас како пратеничка група ќе беше подобро да имаме еден виш суд, па нека биде и во Гостивар, со таа разлика што да немавме проширување на апелационите судови. Мислам дека еден таков баланс ќе направеше растоварување.

Според нас, не е проблемот во апелационите судови. Споредете ги предметите во основните со оние во апелационите не е толку изразито и не беше проблемот, таму можеше да отвориме уште еден суд, да им удоволиме на една група, која смета дека со 8.000 предмети се е решено, а да ги одземеме од некој друг кој и така и така ги решаваше. Проблемот останува повторно во основните судови. Значи, ние мислиме и сме на становиште дека наместо да се формираше Апелационен суд во Гостивар, тоа да се направеше во рамките на некаков виш суд, кој ќе земеше одредени дела кои што ќе се дефинираат со овој закон. Можеби дела за некоја повисока категорија од граѓански спорови со повисока вредност, стопански спорови, каде што на некој начин ќе се направеше едно разграничување. Значи, ова се од прилика овие забелешки кои што ние ги искажувавме . Стоиме на становиште дека и понатаму не е ова идеално решение, но сепак, ова решение е различно од она што било до сега. Дали ќе биде успешно или не, не можеме да бидеме веднаш критичари од старт, односно да бидеме неверници од старт. Сепак, времето треба да покаже и добро е да излеземе со некаков закон, отколку со никаков и да оставиме се само на Уставот. И заради тоа, од сите тие причини, можеби колегите ќе искажат и повеќе становишта, ние како пратеничка група сме спремни да го поддржиме, а со тоа да отвориме простор да се направи таа реформа, а да видиме со тек на време како ќе се одвива целата работа, но нормално, Владата треба да биде спремна и понатаму како ќе диктира времето, така и овие

закони да трпат измени, затоа што навистина мора да дојдеме до ефикасно судство.

И на крајот, ќе кажам уште нешто. Ние бевме против и сега сме против тоа бројот на судиите во рамките на судството да биде утврден од страна на Судскиот совет. Мислам дека во Законот за судови требаше да постои одредба, која ќе утврдеше максималната граница колку судии треба во Република Македонија, затоа што на овој начин може да се даде една огромна надлежност во рамките на Судскиот совет, тоа да го утврдува секоја година, а кај самите судии да прави една неизвесност, дали тој број ќе биде поголем, дали ќе биде помал и да се сведе во една категорија на несигурност. Тоа во секој случај ќе прави проблеми, затоа што сега ќе се соочиме, да речеме со проблем каде ќе одат прекршочните предмети, дали огромен дел од тие прекршочни предмети ќе одат во државните органи, и така натаму, па ќе се дојде до мислење дали толкав број на прекршочни судии е потребен и така натаму. Затоа, ако имаше одредба во овој закон ќе имавме чиста ситуација. Вака ја даваме надлежноста во рамките на Судскиот совет на Република Македонија кој ќе утврдува годишно колку му е потребен број или не, но во секој случај ќе прави една несигурност кај самите судии.

И уште едно, тоа го кажа и колешката Ристана Лалчевска, ако ги гледаме овие закони во рамките на структурата на судството, гледаме некаква реформа. Не можеме да заборавиме, не можеме да ја оставиме на страна и самата структура на судии. Многу пати сме опоменувани дека и судиите треба да претрпат одредени реформи, односно одредени промени. Забелешката за претседателите на судовите, кои што во меѓувреме се избираат, држи место и ние исто така го поддржуваме тој став. Но и сите судии кои што во Република Македонија се такви какви што се во овој момент. Законот во завршните одредби ја дава можноста и понатаму да останат истиот број на судии, но ние мора да најдеме начин, како да дојдеме до поквалитетен кадар во самото судство, бидејќи не е само организационата шема проблем, туку и самиот кадар во рамките на судиите кои што работат во Република Македонија. Дали Владата во овој момент, или некоја идна влада ќе направи нешто во таа насока, јас мислам дека ќе треба да направи. Дали тоа ќе биде некаков закон за некаков реизбор, за некакво предвремено пензионирање, или незнам што, затоа што ако веќе донесовме Закон за академија, каде што од сега настаму ги устручуваме на многу повисоко ниво останатите судии, тоа треба да го направиме со постоечкиот кадар, не само со оној млад, кој што ќе стапува на работа. Значи овие се работи, кои што понатаму треба да се работат за да дојдеме до она што ни е основна цел, а тоа е да имаме судство кое нема да трпи критики, туку судство кое ќе биде пофалувано, а со самото тоа, онаа пречка која досега ни стоеше за нашата интеграција во Европската унија, на некој начин ќе биде отстранета. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Стојаноски имате збор.

**Нелко Стојаноски:** Благодарам господине претседател, почитувани колеги, почитувана госпоѓо министер,

Пред нас е донесувањето на нов закон за судовите. Неговото донесување, како што истакна пред малку и колегата Караџоски, произлезе од усвојувањето на уставните амандмани, но и од поставената стратегиска цел на Република Македонија за членство во Европската унија и превземените обврски да се спроведуваат со ефикасни и континуирани реформи во судството, кои ќе се базираат на европските стандарди.

Во таа смисла, беше неопходно да се овозможи судскиот систем на Република Македонија да претрпи конкретна реформа. Освен тоа, Законот за судовите треба да ја зголеми ефикасноста на судството, како еден значаен сегмент на кој беа фокусирани уставните измени.

Со донесувањето на овој закон, сметаме дека ќе се отстранат факторите кои доведуваат до неажурност на судовите и до одолговлечување на постапките. На овој проблем нашата пратеничка група одамна укажуваше и нудеше решение, но сега дојде вистинскиот момент овој проблем до крај квалитетно да се реши и да се подобри постојната ситуација. Овој закон, а и другите закони од овој пакет кој ќе ги донесеме, ќе обезбедат по наша оценка правдата да се остварува од судии кои ќе бидат независни и одговорни единствено на правото, односно судиите да бидат потчинети единствено на Уставот и законите.

Сметаме дека треба сега да се обезбеди судиите да бидат неутрални, како во однос на партиите на власт, така и во однос на партиите на опозицијата. Да не подлегнуваат на личните интереси и на било каква форма на политичко здружување. Овој концепт на независност ние сметаме дека треба да влијае во голема мерка на непристрасност на судиите во решавање на споровите. Независноста на судиите што сега им се обезбедува, не претставува нивна привилегија, туку е гаранција за општеството дека судската власт ја исполнува значајната должност која што им е доверена и ќе придонесе за развој на демократијата.

Не треба да истакнувам посебно дека демократскиот систем може успешно да се развива само доколку постои одредена рамнотежа помеѓу различните гранки на власт. Доколку една гранка е доминантна, системот се деформира. Принципот на владеење на правото за што ние се залагаме, не се гарантира од личните квалитети на вршителите на одредени функции, туку од почитувањето на одредени правни правила, кои им се наметнати и од постоењето на соодветни инструменти за остварување на поставените цели.

Овој закон, сметаме дека сега на многу поадекватен начин, поконсеквентен и поконзистентен ја поставува организациската структура, ги одредува нивните надлежности и создава други претпоставки за остварување на судската власт.

Сметаме дека сега ќе биде разрешен еден од проблемите во функционирањето на судскиот систем, а тоа беше решавањето на управните спорови. Со формирањето на управен суд, ќе се растовари во голема мера Врховниот суд на Република Македонија од таквите предмети. Познато е дека до сега постоеше бавност во решавањето на ваквите спорови и имаше огромна бројка на нерешени предмети, кои што се пренесуваа од година во година.

Сега ќе биде овозможено со специјализација и со стручност и познавање на управната материја од страна на судиите надлежни за ваквите спорови, значајно да се подобри состојбата и да се обезбеди ажурност, ефикасност и економичност во постапките по управните спорови.

Би ја истакнал по мене, клучната новина од областа на организациската поставеност на судскиот систем, а тоа е формирањето на специјализирани судски одделенија во Основниот суд во Скопје 1, во Основниот суд во Битола, во Основниот суд во Штип, кои ќе постапуваат по предмети поврзани со организираниот криминал, а познато ни е дека тој како нова закана, нов вид криминал е сериозна закана за општеството. И на овој начин ќе може успешно да се справува со него.

Сметам дека со донесувањето на овој пакет закони, а особено со овој закон што сега е пред нас, почнувајќи со Законот за судовите, во голема мера се имаат предвид меѓународните стандарди, како што е Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи и барањата државата да гарантира судење во разумен рок и примена на начелата на правично и непристрасно судење. Заради овие квалитети, пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи донесувањето на овој закон. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Повелете господине Јашари имате збор.

**Аднан Јашари:** Благодарам господине претседателе, почитувана министерке, почитувани колеги пратеници,

И јас како моите колеги ќе бидам краток и на почетокот ќе нагласам дека како парламентарна група, или како пратеник на парламентарната група на ДУИ ќе гласаме за овој Предлог закон, бидејќи ние цениме дека настојувањето на предлагачот е преку донесувањето на овој закон да се поттине порастот на ефикасноста во судските органи. Доколку се сетите уште во моментот на донесувањето на уставните измени, кои измени како што знаете сите се донесоа и се изгласаа од ова Собрание, настојувањето на тогашните измени беше да се постигне не само деполитизацијата во оваа област на правниот систем во целина, опфаќајќи ги и правниот систем, но и порастот на ефикасноста на овие судски органи, бидејќи во овој минат период, податоците кажуваат дека и покрај се, овој систем во одредена мерка не бил толку ефикасен.

Доколку деполитизацијата од предлагачите ќе се настојува да се постигне преку предлогот кој е во постапка, како што е Законот за Судскиот совет на Република Македонија, мислам дека ефикасноста на Судскиот совет, или на судските органи ќе се оствари, или ќе се опстигне преку законските одредби кои го опфаќаат Законот за судови. Зошто велам, или зошто мислам ќе има пораст на ефикасноста. Доколку се направи една споредба меѓу постојниот закон и овој Предлог закон, се гледа јасно дека има измени од организационен аспект, но и од функционирањето на судската власт. Измени има, како од аспект на организацијата на основните судови, од аспект на организација на второстепените судови, или апелационите судови, но измени има од аспект на надлежностите на Врховниот суд.

Во оваа насока, да не заборавам да кажам, односно треба да нагласам дека се предвидува една новина, таканречениот управен суд. За мене тоа е од големо значење, бидејки во согласност со тоа Што е предвидено или презентирано во законските одредби, јасно се гледа дека овој суд како првостепен суд ќе се занимава непосредно со решавање на управните спорови, кои исто така врз основа на статистиката говорат дека постои значителен број на овие предмети. Кога се има предвид овој факт, кога се има предвид фактот дека овие предмети или овие спорови преминуваат во еден сосема нов специјализиран орган кој професионално ќе се занимава со решавањето на овие управни спорови, неоспорен е фактот дека е едно олеснување во иднина за другите судски органи како што се првостепените судови, бидејки и Управниот суд во иднина ќе постапува како суд од прв степен, а во оваа насока или во оваа релација како суд од втор степен ќе биде Врховниот суд. Измени има и во другите основни судови, бидејки сега во согласност со ова што е претставено се предвидуваат таканаречени основни судови и судови со специјализирани надлежности, со тоа што ценам дека особено позитивно ќе влијае основањето на таканаречените специјализирани одделенија, оддели кои во споредба со првата фаза на овој закон, според мое мислење се една замена за апелационите судови и уште од овој момент ќе нагласам дека е добро што се постапило вака, бидејки тука е начелото на стопанисување. Ако постојат виши судови, сигурно дека трошоците ќе беа многу повисоки од тоа што трошоците ќе бидат или се планира да бидат за овие оддели, бидејки нема да има потреба за вработување на дополнителни услуги за да работат на управните услуги и т.н.

Кога говорам во оваа насока во однос на ефикасноста сакам да нагласам нешто друго. Имено, како што реков претходно, измени вршиме и во начинот на организацијата на апелационите судови. Неоспорен факт е, ќе повторам уште еднаш според мое убедување и останувам на таа моја убеденост дека и понатаму со основањето на Апелациониот суд во Гостивар, значи со седиште во Гостивар, од една страна, ќе го намалиме бројот на предмети или бројот на спорови во Апелациониот суд во Скопје, додека од друга страна преку овој Апелационен суд јас сум убеден дека ќе воспоставиме еден баланс од аспект на бројот на предмети меѓу четирите судови кои ќе функционираат во иднина во Република Македонија.

Неспорен е фактот, како што реков и претходно, дека и преку реалните надлежности кои се пренесуваат на Врховниот суд, моја проценка е како суд од трет степен, во управните спорови како суд од втор степен и нормално, имајќи го предвид фактот и постапката на овој суд преку вонредните правни средства, ценам дека преку ова што е предвидено во овој закон за судови ќе постигнеме да ја зголемиме ефикасноста и на овој судски орган, би рекол како орган од трет степен и преку ова да го заокружиме системот. Јас сум длабоко убеден и во овие измени кои се вршат не само од организационен аспект, туку и од аспект на функционалноста ќе се влијае непосредно на порастот на ефикасноста на оваа власт.

Имам и јас свои забелешки. Затоа, не случајно као парламентарна група поднесовме амандмани, но и покрај се, јас сум длабоко убеден дека идеален закон нема и не може да има. Не случајно ние правниците правото го дефинираме како категорија која се менува и треба да се менува секојдневно, до колку некоја одредба или правна норма во текот на спроведувањето во пракса ќе се покаже како неефикасна, како нерационална би рекол и сигурно ќе се предложат измени.

Во начело, уште еднаш ќе кажам, јас ценам дека преку овој закон ќе има пораст на ефикасноста, а ние како парламентарна група ќе гласаме за овој Предлог закон.

Има една забелешка која навистина не сум ја видел, а е начелна забелешка. Таа се однесува на членот 31 став 2, кога покрај другото се говори за предмет на надлежност, се говори и за ликвидација. Ова можеби е техничка грешка или не е техничка грешка, но треба да нагласам дека ликвидацијата не е судска постапка. Стечајот е судска постапка, а ликвидацијата не е судска постапка, така како што е предвидено со Законот за трговски друштва, па до колку има простор да се интервенира, добро е да се интервенира за оваа грешка.

Ви благодарам и уште еднаш да кажам дека ќе гласам за овој Предлог на закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Госпоѓо Бонева, повелете.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Сосема накратко ќе се обидам да го кажам и ставот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ по овој Предлог на закон за судовите.

Најпрво да го истакнам фактот дека ВМРО-ДПМНЕ уште од самиот почеток ког апочнавме да зборуваме за потребата од реформи во судството се залагаше за промена на законите од областа на судството во првата фаза од читањето на Предлог законот за судовите. Нашиот најголем број забелешки и најголемиот број од аргументите беа насочени кон тоа вишите судови кои што се предлагаа да бидат востановени во судството во Република Македонија, ние ги кажувавме нашите аргументи против и мило ми е што во оваа втора фаза за вишите судови веќе ги нема одредбите, односно одредбите за востановување на вишите судови. Нашите ставови и ставовите на поголемиот дел од експертската јавност во Република Македонија, кои одеа во прилог на тоа да не се основаат виши судови, беа прифатени од страна на Владата и во овој Предлог на закон, значи во оваа фаза, ги нема овие одредби за востановување на вишите судови. Во претходната фаза ние ги кажувавме нашите аргументи за формирање на специјализирани одделенија и мило ни е што се прифатени нашите аргументи, па во оваа втора фаза ги имаме специјализираните одделенија, значи веќе со законски одредби во текстот на законот се внесени.

Се обидовме овој Предлог на закон односно текстот на законот што го добивме да го подобриме со предлагање на 46-те амандмани што ги достави Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ. Сите амандмани беа во прилог на подобрување на законскиот текст, најпрво техничко подобрување на текстот, а понатаму голем дел од амандманите беа насочени кон тоа да се зајакне независноста на судството, што верувам дека е цел на сите оние кои се залагаат за реформи во судството и дел од амандманите беа насочени кон тоа да се олесни пристапот на граѓаните до правдата, но видовме дека нема расположение кај минситерот за правда и Владата да бидат прифатени нашите аргументи и амандманите што ги доставивме. Беа прифатени само два амандмани, кои ја потсетуваа Владата на одлуки на Уставниот суд, значи одредби кои беа веќе укинати од страна на Уставниот суд и овие два амандмани беа прифатени. Без оглед на тоа што Владата и Министерството за правда немаа разбирање за овие наши амандмани и за подобрување на законскиот текст, сепак, ВМРО-ДПМНЕ нема да го кочи процесот на судските реформи во Република Македонија, ние ќе ја дадеме подршката за законот за судовите. Ако сметаме дека до моментотна примена на законот за судовите, бидејки има одложена примена, можеме сите уште неколку пати да размислиме дали решенијата кои ги нудиме, а кои се поврзани посебно со членот 30 и 31, за кои толку

многу расправавме овде во Собранието на Република Македонија, дали не треба да бидат променети. До колку тоа не се направи до денот на примена на овој закон, се надеваме дека во иднина праксата ќе покаже кои од решенијата не одат во прилог на реформите кои се неопходно потребни пред се за граѓаните на Република Македонија, меѓутоа, се и услов за нашето евроинтегрирање.

Од овие причини, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе го поддржи законот за судовите. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам госпоѓо Бонева.

Госпоѓо Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседател.

Госпоѓо минситер, колеги пратеници, и јас според договорот ќе зборувам од името на пратеничката група на СДСМ. Дозволете, во оваа пригода, да го изразам моето задоволство што еве токму јас ќе ги искажам ставовите на СДСМ и аргументите зошто ќе гласа за поддршка на овој закон.

Секако дека донесувањето на Законот за судовите, како и останатиот пакет на закони кои следуваат веднаш после овие точки, преставуваат значаен настан за Република Македонија, затоа што колку и да кажуваме дека овој парламентарен состав и оваа Влада ништо не направиле за напредок на Република Македонија, еве и ова кажува, овој закон и овие реформи кажуваат дека оваа Влада, овој собраниски или парламентарен состав направи значаен напредок затоа што после донесувањето на Изборниот законик еве продолжува со реформи, реформи во областа на судството, кои ни беа препораки од Европската комисија при давањето на позитивното мислење за добивање на кандидатскиот статус. Значи овој закон како клучен закон во областа на реформите на судството претставува исполнување, како и со пакетот на останатите закони за судството, претставуваат исполнување на уште една препорака на Европската комисија која беше дадена како задача на Република Македонија.

Почитувани колеги, секако би требало да ги искажам тука аргументите зошто СДСМ го подржува законот за судовите и зошто се добри понудените решенија на законот за судовите.

Прво сакам да истакнам дека овој закон или овие законски решенија, содржани во законот, се резултат на големите статистички податоци и анализите на статистичките податоци во областа на судството, кои беа правени од страна на предлагачот на Владата, секако, прво од Министерството за правда и воочените слабости во одделни сегменти или точки во областа на судството.

Голем број од решенијата содржат и компаративни искуства од земји кои имаат поголема демократија или постара демократија од нас, а секако, она што сакам да го истакнам е дека во овој закон, во решенијата на овој закон, особено во начелата на судството, односно поставеноста на судството и вршењето на судската функција секако се вградени голем број на стандарди кои се содржани во голем број на европски документи, а вклучително тука и Европската конвенција за заштита на човековите права.

Посебно би сакала да нагласам, како квалитет при донесувањето на овој закон е секако големата транспарентност на предлагачот при изготвувањето на овој закон, затоа што во првата фаза или во почетокот на работата на работната верзија па до последната фаза имаше огромна транспарентност во изработувањето на законските решенија на овој закон од страна на Министерството за правда и како резултат на оваа транспарентност голем број на решенија од првата фаза во оваа фаза се изменија, затоа што беа почитувани мислењата, ставовите и забелешките кои што беа искажани на дебатите од страна на експертите во оваа област, вклучително и на професорите од Правниот факултет, а секако дека беа земени предвид и нашите мислења и предлози во собраниската дебата, како и во дебата на матичните комисии во Собранието.

Уште со донесувањето на уставните амандмани ја напуштивме единствената организација на судството во Република Македонија. Тогаш создадовме уставен основ за нова организациона поставеност на судовите.

Сега сакам да го кажам нашето мислење зошто концептуално е изменет Законот за судовите од првата во втората фаза. Точно заради анализите за состојбата во судството, состојбата во која се наоѓа нашата држава, а особено економската состојба, затоа што сметаме дека ваквиот понуден начин на организација на судството е најсоодветен на состојбата во која се наоѓа нашата држава, односно судството во нашата држава и сметаме дека со ваквата организациона поставеност ќе можеме да се носиме и да покажеме, односно да го реформираме судството и да покажеме резултати на полето на ефикасноста и независноста, а секако и зголемвување на стручноста на судството.

Новината во однос на воведувањето на Управниот суд сите колеги ја поддржаа и јас би ја подржала, затоа што со воведувањето или востановувањето на Управниот суд практично онаа прволоцирана слабост од страна на Министерството за правда дека Врховниот суд во хиерархијата на судството во Република Македонија не смее да се занимава со решавање на предмети во прв степен и точно од оваа причина Управниот суд сега ќе ги решава овие предмети, а Врховниот суд ќе се растовари од ваквиот баласт на предмети, но секако и основните судови кои имаа надлежност да решаваат во прв степен во однос на управните спорови ќе се растоварат од оваа материја. На овој начин не само што ќе постигнеме ефикасност во работата на Врховниот суд, на

основните судови, ќе имаме зголемена специјализираност со специјализираниот суд, а секако ќе имаме и ефект во остварувањето на правата на граѓаните од оваа област, затоа што ќе имаме едно побрзо, поефикасно и поквалитетно остварување на правата од оваа област на граѓаните. Ако на почетокот се залагавме за воведување на специјализирани судови, анализата покажа дека Република Македонија е во таква состојба што не може да организира посебни специјализирани судови затоа што организацијата на посебни специјализирани судови ќе бара вложување или зафаќање на нови средства за стручен кадар, односно за судска администрација, за судска полиција и затоа сметаме дека во оваа фаза добро е што е прифатено или оставено решението основните судови кои што остануваат и понатаму 27 на број да се разделени на судови од основна надлежност и судови од проширена надлежност, со тоа што оние судови кои што се стекнаа со правото да имаат проширена надлежност ќе организираат свои специјализирани одделенија и со овие специјализирани одделенија ќе се постигне специјализираноста по одредени области, затоа што секое одделение сега ќе претставува да речеме како специјализиран суд во составот на судот со проширена надлежност.

Јас нема да ја образложувам посебно надлежноста на судовите, но сакам да го потенцирам значењето на амандманот кој што беше прифатен од страна на министерката за правда, поднесен од пратеникот Јанаќе Витаноски, со што се зголеми надлежноста на судовит еод основна надлежност во граѓанските спорови и имотно-правните спорови да решаваат од 10 илјади евра, за спорови во вредност од 10 илјади на 15 илјади евра и јас сметам дека оние дискусии кои беа изречени тука од одреден број пратеници зошто ваква надлежност на судови од основна надлежност и судови со проширена надлежност, еве сега со зголемувањето на вредноста на судењето во имотно-правните спорови мислам дека се задоволуваат барањата затоа што сметаме дека капацитетите подобро ќе бидат искористени и во однос на предметите кои се решаваат сега, бројот на предметите и видовите на предметите, овој начин на организација на судството исто така одговара.

Како придонес за ефикасно судство секако дека посебно за специјализираното судство, секако треба да се потенцира организирањето на специјализираните судски одделенија за борба или судење против организираниот криминал затоа што со ова не само што даваме еден придонес во специјализацијата на судовите, сметаме дека со ова решение исполнуваме уште една обврска, односно уште една препорака од Европската комсија, тоа е воспоставување на уште еден механизам за борба против организираниот криминал која ни е уште една препорака од Европската комисија.

Но, почитувани колеги сакам да потенцирам едно квалитетно решение, а тоа е решението од членот 7 со кое се предвидува, а сега е законска материја, оваа материја до сега беше регулирана со Деловникот и ова е во насока на обезбедување на непристрасност во вршењето на судската функција, а тоа е да се распределуваат предметите по судии во зависност од моментот на приемот. Квалитетот е што е санкционирано спротивното постапување од страна на претседателот или евентуално на судијата, спротивното постапување е санкционирано со разрешување од функција и ова е едно решение во насока на обезбедување на непристрасно и ефикасно судство.

Сакам посебно да ги нагласам решенијата кои се во функција на зајакнување на статусот и положбата на судиите, затоа што само со зајакнување на положбата и статусот на судиите, еден од предусловите за ефикасно, непристрасно судство, само да ги спомнам решенијата, тоа е новина, каде претседател на основен суд се избира од редот на сите судии во Република Македонија, тоа е еден квалитет плус во подобрување на квалитетот на конкуренцијата за овие значајни места.

Она што сакам посебно да го потенцирам како институт е воведување на институтот мирување на судската функција, овој институт до сега во правото или во правниот систем на Република Македонија не постоеше затоа што до сега во Република Македонија не постоела потреба од испраќање на наши претставници-судии во меѓународните организации, институции и судови, па имаме проблем, еве да ја спомнам судијата госпоѓа Цаца која е испратена да ја претставува Република Македонија, статусот не и е решен и еве сега со предлагањето на ова законско решение се воведува институт- мирување на судска функција затоа што Република Македонија веќе е во меѓународните институции и ќе испраќа свои претставници, а секако и постоечките законски решенија околу избор на судии на Уставниот суд и секако претседател на Управниот одбор на Академијата има потреба од воведување на еден ваков институт.

Посебно сакам да го истакнам воведувањето на решението од членот 6, а тоа е судење во разумен рок не толку за судење во разумен рок, туку определување на нов институт со кој странката може да се заштитува и може да поднесе барање за заштита на своето право доколку и е повредено правото за судење во разумен рок, но не само да поднесе барање, туку и да побара правичен надоместок доколку ова право и е повредено.

Овие законски решенија не се однесуваат само на зајакнување на статусот и положбата на судиите, секако предлагачот се позанимавал и со статусот и положбата на странката во судската постапка, на граѓаните во судската постапка и секако можам да кажам дека доколку странката во судската постапка и се повреди правото

односно и се нанесе штета од страна на судија со грубо непочитување на законот, сега таа има право да бара надомест на штета од Република Македонија и секако Република Македонија има право да бара регресно побарување од страна на судиите.

Ова се афирмативно едни од решенијата зошто СДСМ има позитивно мислење за овој закон, зошто СДСМ ќе го поддржи овој закон, зошто СДСМ ќе гласа за овој закон, затоа што сметаме дека со ваквите решенија ќе обезбедиме реформи во судството. Секако дека ги почитуваме предлозите и сугестиите односно амандманите од опозицијата, меѓутоа сметаме дека нема закон кој е совршен, очекуваме кога ќе почне практичната примена да ги почувствуваме бенефитите од овој закон, да ги видиме на дело реформите и секако стоиме на тоа доколку се покажат одредени слабости нормално да се премине на измени и дополнувања на овој закон.

Уште еднаш да кажам дека ги слушнавме мислењата на сите претставници, мислам на пратенички групи, сите ќе го поддржиме овој закон и ова е уште еден начин на кој Република Македонија демонстрира дека има јасно изразена волја за реформи во сите сфери, вклучувајќи ги и реформите во судството кои претставуваат чекор напред на отстранување на пречките за побрзо отпочнување на преговорите за членство во Европската унија. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Повелете господине Насуфи имате збор.

**Џевдет Насуфи:** Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувана госпоѓо министер.

Денес сме при крај со разгледување и расправање по законот за судовите, бидејќи е документ кој е системски и значаен претставниците на политичките групации на посебен начин ги изразуваа своите мислења и стасвови и јас пред парламентарната група на Демократската партија на Албанците ја користам приликата да кажам неколку збора.

Демократската партија на Албанците во начело и конкретно е на страна на проектите кои се во прилог на евроинтегрирачките процеси. Мислам дека реформите во судството се еден од суштинските елементи со кои треба да се сочи Македонија и е една од основните забелешки на Европската унија за работата на судовите, бидејќи без ефикасно функционирање на судовите не можеме да говориме за законска власт и не можеме да говориме за владеење на законот и правото.

Неслучајно, пред неколку дена ни се даде порака од висок претставник на Европската заедница дека Македонија не треба да ги заборави меѓуетничките односи, Македонија не треба да го заборави тоа дека во судството, го цитирам, Албанците се претставени само околу 6%, но по мое лично мислење овој број е помал. Кога го велам ова мислам на еден елемент кој би требало да биде и да го содржи овој закон, бидејќи е основен закон на судската власт.

Ние како партија иако имаме квалитативни забелешки во однос на содржината на законот, а и како опозиција не можеме да направиме потребни измени во содржината, посебно кога се работи за некои сегменти од овој закон.

Ја поздравувам идејата на основање на нови институции во судството како што е Управниот суд за решавање на управни спорови, меѓутоа, не можеме да се согласиме со начинот и организацијата на оваа институција која е во системот на судството. Вие знаете дека судските спорови биле пренатрупани во Врховниот суд, штета е што таа највисока правна институција се занимава, условно да кажам, со административни, банални прашања.

Концептот на основање на управни судови мислам дека требаше да оди во друга насока која повеќе би се приближила до граѓаните, бидејќи според некои анкети кои ги има направено Меѓународната организација или Обединетите Нации, сите знаете дека Македонија е една од земјите со највисок степен на корупција. За елиминирање на ова зло администрацијата има посебно важна улога. Одлуките, дејствувањата на администрацијата секогаш треба да бидат контролирани, анализирани, разгледни и судот е тој кој е најкомпетентен и затоа повторно само еден управен суд со центар во Скопје односно седиште во Скопје тоа не е решение кое би овозможило да се елиминира ова зло и да ги контролира дејанијата, одлуките, нешто што е оставено во надлежност на Управниот суд.

Меѓутоа, како точка на паѓање може да се поддежи, може да се анализира, а праксата ќе ни покаже дека најверојано ќе треба една нова организација, нова форма на судовите за решавање на управни спорови од областа на администрацијата.

Една друга забелешка која е сериозна, мислам дека може да се каже условно со политички жаргон околу централизацијата на судската власт. Вие знаете дека имаме многу проблеми години со ред со централизација на извршната власт. Поделбата на надлежностите, мислам на редовните и сегментирањето на судовите со редовни должности оди во прилог на оваа идеја која во демократските општества не се практикува, иако судството не може да се спореди со извршната власт. Има друг систем на организација, друг систем на дејствување, меѓутоа, потребите на граѓаните се тие нивните права да ги реализираат колку е можно поблиску до местото на живеење и работење.

Имаме сериозна забелешка што се однесува до јазикот. Посебно ќе го нагласам членот 50 во однос на давањето на свечената изјава на судиите. Дури во делот на славните 20% со кои се манипулира на негативен начин, цинично е што судијата Албанец својата свечена изјава или завет да не може да го даде на албански јазик, туку евентуално во овие региони ќе му се

овозможи само да ја потпише на албански јазик свечената изјава. Кажувам условно, не замерам многу на македонскиот политички блок, на Владата, меѓутоа многу му замерувам на албанскиот блок на политичката партија на ДУИ затоа што, ако веќе не постигнаа законот за јазиците да го донесеме во овој парламентарен состав, барем во овие сегменти би требало да се инсистира албанскиот јазик да не се дезавуира, релативизира и потцени на тој тежок начин.

Во споредба со ова мислам дека се прави еден друг пропуст кој е во однос на изборот на судиите каде како услов се бара полагање на правосудниот испит. Тоа е нон сенс, што правосудниот испит се прифаќа само доколку се полага во Македонија, а не се признава дококу се полага надвор од Македонија, со што мислам дека повеќе се оштетени правниците Албанци кои својот правосуден испит го немаат положено во Македонија, туку надвор од Македонија.

Што се однесува до другиот услов, условот од работно искуство при изборот на судиите при што се бара 15 годишно искуство можеби и повеќе, мислам дека е ова нормативно елиминирање на правниците Албанци за да можат да станат судии во одредени судови од причина што доколку досегашниот систем со политички мотивации ги има елиминирано од судството, правниците Албанци и Албанците сега не би требало да е нормативно со законска одредба да направиме едно вакво ограничување во врска со работното искуство.

Што се однесува до искуството кога не сме задоволни со застапувањето на Албанците во судската власт односно во она што е суштина на судството или судиите. И покрај овие сериозни забелешки кои претпоставувам дека има простор да се поправат од страна на Владата ако не од оваа Влада, сигурно тогаш од идната влада, да се постигне проектот на реформи на судството, тоа е проект кој е во соработка и содејство посебно со Европската Унија, со други меѓународни институции кои се во однос на евроинтеграцијата.

Ние како партија ќе ја дадеме нашата поддршка со овие забелешки и сугестии кои мислам дека во блиска иднина би требало да се елиминираат. Ви благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Господине Рафис Алити што барате? Реплика?

Ве молам, се договоривме дека нема реплики, да се искажат ставовите, тоа можете после на конференција некаде да го кажете. Ве молам господине Рафис Алити...

Ајде повелете, не можеме да издржиме ни толку.

**Рафис Алити:** Благодарам господине претседателе, ќе бидам краток во мојата реплика, иако ова го окарактеризирам како конструктивна дискусија, говорот на пратеникот Џевдет Насуфи, а и нему му е јасно дека прашањето на јазикот нема да се уреди доколку ДУИ има пристап дека во овој закон или во друг закон треба да биде службен јазик, а во други закони да не биде.

Бидејќи господинот Џевдет Насуфи е правник по вокација, тој знае дека прашањето на јазикот треба да се уреди со еден закон кој закон правниците го именуваат како лекс специјалис. Што значи, независно дали овој состав, или идниот состав на овој Парламент прашањето на јазикот ќе се регулира. Мене ми е мило што и претставникот на ДПА овој закон го гледаат како доста добар закон и им се дава можност на судиите да ја вршат својата работа, или да се направат реформи во судскиот систем.

**Љупчо Јордановски:** Има збор госпоѓа Славица Станковска.

**Славица Станковска:** Благодарам почитуван претседателе.

Ја користам можноста и јас во име на Нова Социјалдемократска партија да го изнесам нашето мислење.

Почитувани, сите сме свесни без разлика кој на која страна припаѓаме за состојбите во кои се наоѓа нашето судство, а исто така свесни сме и за укажувањата на Меѓународната заедница. Сигурно истите не би можеле да ги занемариме ако претендираме да бидеме членка на големото европско семејство.

Неопходно е да се реформира нашето судство, а предуслов за да може да се реформира е да се создаде законска рамка во која ќе се извршат тие промени. Реформата има за цел да обезбеди ажурност на судовите, судење во разумен рок и добивање на пресуда во најкраток можен рок, а исто така со реформа на процесните закони да се овозможи економично и брзо постапување, притоа почитувајќи ги одредбите од член 6 од Европската конвенција. Во овие денови кога се водеше расправа и по амандманите, а денеска и по текстот на законот за судовите беше укажано од моите колеги на доста недостатоци и аномалии во Предлогот што го имаме пред нас. Иако се стремиме да имаме што е можно поекономично и поевтино судство, според овие предлози ние сметаме дека решенијата одат во насока на поскапи процеси кои исто така ќе овозможат и забавување на истите, исто така ќе предизвика поголем број на финансиски оптоварувања на Буџетот на Република Македонија, бидејќи судовите на кои се пренесува надлежноста објективно ќе мора да го зголемат и бројот на судии, стручни соработници, администрација. Исто така, предлагачот при предлагање на ова законско решение воопшто не ги земал во предвид и предлозите на основните судови, или воопшто не ги нотирал укажувањата на основните судови како што се Кичево, Гевгелија, Прилеп, Струга и Кавадарци. Ова прашања и оваа иницијатива што беше доставена до сите во Парламентот ние ја сметаме како отворена и сметаме дека во најкратко време, или пак во времето кога ќе почне да се применува овој закон ќе се увидат

пропустите и ќе се оди во насока на дополнување и изменување на законското решение.

Но, како партија свесни за моментот во кој се носи ова законско решени, а сигурно со единствена цел Република Македонија што поскоро да го добие датумот за преговори со Европската унија, ние како политичка партија ќе го поддржиме овој закон и ќе даваме секогаш, а и сега придонес за да бидеме дел од Меѓународната заедница.

**Љупчо Јордановски:** Има збор господинот Хисни Шаќири.

**Хисни Шаќири:** Благодарам.

Ќе имам разбирање за вашата сугестија да бидам што пократок и конструктивен во мојот говор. Мислам дека овие денови говоревме за една значајна тема која е поврзана со судската власт и со надеж дека сите ова прашање ќе го уредиме подобро, бидејќи и овде е ангажманот и нашето инсистирање за да имаме едно што порационално судство според европски стандарди, бидејќи ова е во согласност со барањата на Европската унија и другите меѓународни структури и Македонија неопходно треба да чекори кон реформите и завршувањето на реформите во судската власт.

Овие денови и овие расправи кои ги имавме во рамките на ова прашање во однос на судството, мислам дека сите имавме за цел да имаме еден што пофункционален закон, имајќи го во предвид фактот и времето во однос на работата и ангажирањето во овој сектор.

Значи, во судскиот сектор не сме имале една поволна и добра состојба и за ова сведоци се самите граѓани дека тие имале проблеми во оваа насока и немили настани со судството. Ние бидејќи во рамките на овој закон се потрудивме да ги поспоставиме неколку параметри кои се во функција на тоа што се вика реформа во судството и во функција на тоа што сега засега Македонија има интерес за да чекори кон европските интеграции, јас сум длабоко убеден дека не е само тоа што можеме да го именуваме како грешка на досегашната работа на судската власт само во законите, туку тука имаше и нешто друго. Но, сега во рамките на сето тоа што го велам како нешто друго, мислам дека нашите институции во целост не биле никогаш доволно одговорни пред своето работење и своите должности.

Верувам дека со овој закон во согласност со овие коренити измени во судскиот систем, се надевам дека и старата навика и традиција наследена од комунистичкиот систем, од еднопартискиот систем значи ќе заврши и ќе имаме едно ефикасно и непристрасно судство. Затоа јас ги поздравувам овие реформи и ќе гласам за овој закон.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Почитувани пратеници, бидејќи нас ни треба тука 2/3 мнозинство, на координација се договоривме дека ќе дозволиме координаторите да ги повикаат пратениците околу 13,00 и 13,30 часот да се гласа.

А во меѓувреме се договоривме сега да ги завршиме двата закони од 128-та седница кои што се однесуваат на изборниот процес.

Ќе продолжиме со работа во 13,15 часот.

(Седницата прекина во 12,30 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,16 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да влезат во салта, а службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Во салата се присутни 90 пратеници.

Ве потсетувам дека согласно точка 1 од амандманот 25 на Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува до 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Предлогот на законот го ставам на галсање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 90 присутни пратеници, 89 гласале, 89 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за судовите.

**Минуваме на точка 15- Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за одбрана, со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Согласно член 122 став 2, од Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Процедурално за збор се јавува господинот Караџоски.

**Жарко Караџоски:** Почитуван претседателе, бидејќи пратеничката група на ВМРО-Народна партија има поднесено амандман по овој закон, во овој момент не можеме да занеме како ќе гласаме затоа што не сме искординирани, барам пауза од 10 минути за да изградиме јасен став.

**Љупчо Јордановски:** Давам пауза од 10 минути.

(По паузата седницата седницата продолжи со работа во 13,35 часот)

**Љупчо Јордановски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предллогот за донесување на закон за изменување и допонување на Законот за одбрана.

Ве повикувам да гласаме.

92 пратеници гласале, 92 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Од 92 присутни пратеници, 87 гласале, 87 за, немаво воздржани, нема против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 19 став 3.

Комисијата за одбрана и безбедност поднесе амандман за додавање нов член 57-а по членот 57.

Пратеникот Ѓорѓи Трендафилов поднесе амандман на член 41, за менување на став 3, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 19 став 3, поднесен од Законодавно-правната комисија .

Со овој амандман се согласи повереникот на Владата.

Има збор мимнистерот за одбрана господинот Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 41 за менување на став 3 поднесен од пратеникот Ѓорѓи Трендафилов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана.

**Јован Манасиевски:** Амандманот не се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот не е прифатен.

Повелете господине Трендафилов имате збор.

**Ѓорѓи Трендафилов:** Амандманот го повлекувам.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 57-а по членот 57, поднесен од Комисијата за одбрана и безбедност.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за одбрана.

**Јован Манасиевски:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно член 122 став 2, од Уставот на Република Македонија , овој закон се донесува со 2/3 мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Ги молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници во салата.

Присутни се 94 пратеници.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 94 пратеници, 94 за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за одбрана.

Предлагам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,08 часот)

**Љупчо Јордановски:** Се извинувам за моето доцнење од 8 минути.

Минуваме на точката 16 - Предлог на закон за управните спорови.

Предлог на закон за извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Согласно точка 1 од амандманот 25 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на член 48 став 1, член 53 став 1 и на член 69 со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Јанаќе Витановски поднесе амандман на член 18 став 1 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 18 став 1 поднесен од пратеникот Јанаќе Витановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда.

Повелете.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Амандманот се прифаќа.

**Љупчо Јордановски:** Има некои посебни релации во твоите амандмани, стално се прифаќаат.

Амандманот е прифатен и станува составен дел од Предлогот на текстот на законот.

Значи, продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот и ве молам, кој бара збор?

Госпоѓо Којзеклиска повелете, имате збор.

**Марија Којзеклиска:** Благодарам претседателе.

Јас ќе бидам кратка во интерес на времето. Само да направам една разлика од она што беше во првата фаза, значи од Предлогот за донесување на закон за управните спорови и Предлогот на законот за управни спорови.

Она што фали во овој закон, почитувана министерке, седиштето на Управниот суд. Никаде го немате регулирано седиштето на Управниот суд. Во првата фаза ви стои, меѓутоа во оваа фаза го немате. Тоа е едната забелешка.

И втората забелешка што ја имам на овој закон е условите и критериумите за избор на судии. Во членот 18 од Предлогот на законот се вели дека Управниот суд брои 16 судии, бројот на судии во Управниот суд се зголемува со одлука на Судскито совет на Република Македонија. И натаму не постои никаков критериум. Јас знам дека се регулирани во Законот за судови и Законот за Судскиот совет, меѓутоа, иако законот гласи за управни спорови ние со Законот за судови веќе формиравме Управен суд. И вие во овој закон кажувате каков е составот на Управниот суд, меѓутоа критериумите за избор на судии ви се диспензирани и во Законот за Судскиот совет и во Законот за судовите. Таму е наведено дека Советот избира судии на Управниот суд, на Апелациониот суд и на Врховниот суд и се дадени во ставот 2 осум алинеи кои треба да ги исполни судија за да биде избран за судија на Апелационен, Управен суд и Врховен суд.

Од друга страна, во членот 46 од Предлог-законот за судовите во ставот 1 алинеа 3 се вели дека за судија на Управен суд може да биде избрано лице кое има работно искуство од најмалку 8 години во суд, со потврдени резултати во работата, или, најмалку 10 години стаж во решавањето по управни работи или е универзитетски професор од областа на управното право со научен степен доктор на правни науки. Ова "доктор на правни науки" ми личи на, искрено да ви кажам, како за на премиерот, меѓутоа, дали не треба да стои овде формулација ако е веќе доктор на правни науки и ако веќе го избираме за судија на Управниот суд, не треба да биде универзитетски професор од областа на правото, ама на управното право. Ние носиме нов закон за управните спорови, значи, ако веќе дефинираме кој се може да биде избран за судија и ако веќе дефинираме дека може да биде универзитетски професор, да биде областа на управното право и тоа искуство кое го има тој. Вака ги лимитираме, со формирањето на овој управен суд сакаме да направиме поефикасно решавање на управните спорови, да го растоваримеиме Врховниот суд од бројот или од приливот на предмети и сметам дека ако сакаме да го постигнеме ефектот, ќе мора тој универзитетски професор кој бил избран во Управниот суд барем да има искуство во делот на управното право. Тие се две забелешки кои ги имам на Предлог-законот за управните спорови.

Можеби накратко само ќе се навратам на табелата која ја има дадено во Предлог-законот за судовите затоа што иако е на дневен ред, почитуван претседателе Предлог-законот за управни спорови, се работи за реформа во судството кое опфаќа повеќе сегменти, така даовие закони меѓусебно се врзани.

Во прегледот кој го имаме од вкупниот број или вкупниот обем на предметната работа на Врховниот суд за периодот од 1997 до 2005 година во делот управни спорови во првостепена постапка, може, ако сте го гледале, почитувани колеги, да се види дека 1997 и 1998 година бројот на предметите кои се вкупно во работа е доста голем а ако се спореди со бројот 1999, 2000, 2001, 2002 година, каде што има најмал број на вкупно предмети во работа на Врховниот суд а се однесуваат на управните спорови, сметам дека не е само за последниве неколку години, туку тој број на управни спорови си влече свој рецидив уште од пред 1997 година, со оглед на бројот на предметите што се дадени за работа, во 1997 година биле 8389 управни спорови за кои што решавал Врховниот суд. Од нив, тогаш, во 1997 година решил 4638.

Се надевам, дека со донесувањето на овој закон за управни спорови, иако имаше добар Закон за управни спорови кој што важи додека не стапи на сила овој закон, но ако веќе правиме генерално реформи во судството, сметам дека треба да ја постигне целта и ефектот заради што се предлага овој нов закон за управни спорови. Но, многу е важно, со оглед на тоа дека формираме посебен управен суд на кој што ќе се префрлат сите предмети, управни спорови, квалитетот на судиите кои треба да бидат избрани таму, треба да биде на едно солидно ниво и посебно да се внимава на квалитетот. Ова, како укажување на идниот Судски совет кој ќе ги избира судиите ако сакаме навистина да имаме реформа во правосудството. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Господине Витановски, повелете.

**Јанаќе Витановски:** Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувана министерке Мери Младеновска-Ѓорѓиевска,

Се јавив за дискусија по Предлог-законот за управни спорови со цел да дадам поддршка на истиот и ќе гласа за негово донесување од причина што е неопходен, а и текстот на законот е квалитетен и добро изработен. Добро е тоа што ги содржи мислењата и забелешките од работните тела од Собранието, како и од седницата на Собранието одржана во месец март 2006 година, како и тоа што законот ги содржи мислењата од експертите што ги дадоа експертите од оваа област, тие дадоа свој

придонес и тие се вградени од страна на Министерството за правда во овој закон.

Зошто сметам дека овој закон е неопходен? Од причина што досега во Македонија немаме ваков закон и согласно членот 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија се применуваше Сојузниот закон за управните спорови, во овие 15 години.

Исто така, пред Уставниот суд е покрената иницијатива за оценување на уставноста на Законот што го применуваме сега. Исто и со Стратегијата за реформи во јавната администрација во Република Македонија предвидовме донесување на нов закон за управни спорови.

Сегашната пракса во Република Македонија покажува негативни резултати при решавањето на управните спорови што сега се решаваат во Врховниот суд на Република Македонија. Неспорен е фактот за исклучителната преоптовареност на Врховниот суд со огромен број на предмети од управен карактер, што ги надминува можностит за негово ефикасно работење, така што граѓаните се соочуваат со проблеми за решавање на предметите, па чекаат и до 2 години.

Пример, Врховниот суд во 2004 година примил во работа предмети од управните спорови во првостепена постапка 2570 предмети, а вкупно имал во работа 6645, а решил 2460 предмети. Останале нерешени 4185 предмети.

Во 2005 година примил 3103 предмети, вкупно имал во работа 7288 предмети, решил 3256 предмети, а останале нерешени 4032 предмети.

Од овие причини е неопходно донесување на закон за управни спорови во кој што ќе се предвиди установување, односно се предвидува нов суд во Република Македонија што ќе решава во управен спор. Со тоа ќе го растовариме и Врховниот суд од управните спорови. Значи, со законот за управните спорови се предвидува установување на Управен суд за заштита на законитоста на управните акти, донесени од Владата на Република Македонија, органите на државната управа, другите државни управи, општините и градот Скопје, организации утврдени со закон, правни или други лица кои имаат доверени јавни овластувања, кога решаваат за правата, обврските и правните интереси во поединечните управни работи, како и за актите донесени во прекршочна постапка.

Управниот суд, во управен спор одлучува по тужби против управни акти. Врховниот суд одлучува по вонредни правни средства против одлуките на Управниот суд. Врховниот суд ќе решава за судир на надлежности помеѓу Управниот суд и другите судови. Тоа што е регулирано во членот 16. Значи, во овој член е утврдена надлежноста на Управниот суд, при што е утврдено дека Управниот суд е надлежен да решава во прв степен по тужба против конечен управен акт донесен во втор степен, како и по тужба против првостепени управни акти против кои не е дозволена жалба А, Врховниот суд на Република Македонија би одлучувал по жалба кога е таа дозволена против пресудите на Управниот суд, како и по вонредните правни средства.

Од ова произлегува дека со формирањето на Управниот суд и неговата надлежност ќе ја постигнеме целта. Тоа е подобрување на ефикасноста, ажурноста и економичноста на судската контрола над поединечните управни акти. Во однос на тоа дали се донесени во согласност со прописите од соодветната материјална област и дали е донесена согласно Законот за општата управна постапка.

Исто така, сакам да потенцирам за членот 18. Сметам дека уште поголема ажурност на судот за тоа е потребно бројот на судиите да се зголеми од 16 на 19, за што поднесов амандман. Управниот суд во управен спор решава во совет составен од 3 судии. Значи, ќе имаме 5 совети и еден претседател. Јас, заради поголема ажурност и поради големиот број на предмети предложив амандман, да има уште еден совет плус и и благодарам на министерката што го прифати овој амандман.

Управниот суд на Република Македонија е единствениот управен суд со седиште во Скопје и е надлежен за решавање на управните спорови на целата територија на Република Македонија. Тој е дел на судската власт.

Сметам дека ова е клучното решение во законот што е краток, има 69 членови, 9 глави од кои што се разработува управниот спор, времените мерки, надлежноста, составот на Управниот суд, постапката каде што се наведува дека управниот спор се поведува со тужба, вонредни правни средства, задолжителноста на пресудата и преодните и завршни одредби со кои што во целост се согласувам и ги поддржувам.

Законот ќе се применува после една година од причина што се неопходни сите подготовки како избор на судии а и донесување на други пакет-закони од областа на правосудството. Се надевам дека и потребните финансиски средства за реализација на овој закон ќе се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2007 година.

На крајот, сакам да го истакнам моето задоволство што ќе гласам за овој закон, а и пратеничката група на Социјал-демократскиот сојуз ќе гласа за овој закон. Се надевам дека и сите пратеници од останатите пратенички групи ќе гласаат за овој закон, како и за останатите закони од правосудството, како што го донесовме Законот за судовите и со тоа ќе докажеме дека овој парламентарен состав ги донесе сите системски и реформски закони, со што ќе ја отвориме вратата кон Европската унија. Сметам дека овој парламентарен состав го направи она што го очекуваа граѓаните на Република Македонија. Благодарам.

**Љупчо Јордановски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Јас жалам господине Витановски, апелиравте до пратениците да гласаат, ама, нема. Освен ако ние, како највисоко законодавно тело не донесеме одлука да еден пратеник важи за 5 пратеници. Меѓутоа и за тоа нема, бидејќи нема 61 присутен.

Затоа, тука ја прекинувам седницата, бидејќи треба да пристапиме кон гласање и тоа двотретинско.

Продолжуваме во вторник во 11,00 часот.

Благодарам на вашето присуство.

Во вторник во 11,00 часот, во понеделник малку да се одмориме, партиски активности и други ваши ангажмани. Благодарам.

(Седницата со работа прекина во 15, 24 часот)